# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА CASHBACK WORLD

Верзија: Март 2018

**Преамбула**

**A.** МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст „***myWorld***"), со седиште на бул. 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Македонија, регистрирана со ЕМБС 6682731, управува со трговска заедница, којашто им овозможува на учесниците (во понатамошниот текст „***Членови***") да ги уживаат предностите (во понатамошниот текст "***програма Cashback World***") со купување на стоки и услуги од Трговските Партнери на *myWorld* (во понатамошниот текст „***Трговски Партнери***").

**B.** Со цел полесно да разберете, на крајот на Општите Услови во **прилог 1** ќе најдете поимник со специфични термини кои се користат во овој текст. Терминологијата која се користи во точките 1 до 16 на овие Општи Услови е правно обврзувачка.

## 1. Предмет на договорот

**1.1** Стоките и услугите кои *Членовите* ги купуваат од *Трговските Партнери* (во понатамошниот текст „**Купувања**") се регистрираат во програмата *Cashback World*. За користење на предностите на програмата *Cashback World*, Членот може да ги користи следниве начини на купување кои се на располагање: *Cashback картичка*, како и користење на понудените онлајн-канали од страна на *myWorld* за купување во онлајн продавници на *Трговските Партнери*. Овие можности за регистрирање на Купувања се подетално опишани под точката 4.3.

**1.2** Во согласност со овие Општи Услови, *Членот* е овластен да учествува во програмата *Cashback World* и да ги добива соодветните *придобивки од купувањето*.

## 2. Основи на Договорот

**2.1** Со прифаќање на апликацијата за регистрација од *myWorld*, барателот станува *Член* на *myWorld* и добива личен, непреносилив, идентификациски број (во понатамошниот текст како "*ИБ на Член*"). Со тоа, тој стекнува право за учество во програмата *Cashback World* ((и истото нема да претставува воспоставување било каква врска/правен однос, види точка 16.2).

**2.2** За склучување на Договорот помеѓу *myWorld* и *Членот* треба да се користат формуларот за регистрација кој е даден на располагање, онлајн-регистрацијата или можноста да се регистрирате на самото место кај *Трговските партнери*.

**2.3** *Членот* се изјаснува за согласен, дека неговите информации дадени на *myWorld* се точни и во случај податоците да се невистинити *myWorld* не се смета за виновен. *Членот* се обврзува навремено да го информира *myWorld* за секоја промена на неговите лични податоци оставени при регистрацијата (особено адреса на живеење, е-маил адреса, банкарски податоци, телефонски број итн.).

**2.4** Секое физичко или правно лице може да се регистрира само еднаш (т.е да добие еден *ИБ на Член*). Регистрацијата мора да се изврши со наведување на местото на живеење, односно деловната адреса (седиштето) на *Членот*. Повеќекратното регистрирање со цел да се добијат неовластени *придобивки од купувањето* ќе претставува важна причина за раскинување на договорниот однос од страна на *myWorld*, како и причина да бидат исклучени *придобивките од купувањето* кои биле добиени на овој начин. Во случај на повеќекратно регистрирање, последно регистрираниот *ИБ на Член* ќе биде избришан. *Придобивките од купувањето*, кои се настанати од повеќекратното регистрирање, ќе бидат изгубени.

## 3. Правен однос

**3.1** Помеѓу *myWorld* и *Членот* не е воспоставен работен однос, услуга или деловен однос (посебно не форма на Членство во здружение). Учеството на Членовите во програмата *Cashback World* се врши исклучиво во рамки на дејност која е автономна, самостојна и правно независна од *myWorld*.

**3.2** *Членот* има право само на *придобивките од купувањето*. *Членот* нема право на каков било дополнителен надомест за неговите активности. *Членот* нема право на каков било надомест за направените трошоци. Ова особено важи во случајот ако Членот ја препорачува програмата *Cashback World.*

**3.3** *Членот* не е овластен да го претставува *myWorld*, а особено не смее да дава или прифаќа изјави од други *Членови* во рамките на програмата *Cashback World*. *Членот* не е овластен да прима пари во готово, ниту пак да наплаќа долгови во име на *myWorld*. Прекршувањето на точката 3.3 претставува суштинска причина за раскинување на договорниот однос од страна на *myWorld*.

**3.4** *Членот* не смее без претходно добиена писмена согласност од страна на *myWorld* да:

(a) користи логоа, натписи, трговски марки, побарувања, домени, други знаци и слично на *myWorld* или на *Трговските Партнери*

(b) изработи визит картички, презентации, видеа, аудио податоци, слики од екранот, интернет содржини, медиумски содржини, флаери, брошури, интернет страници, рекламни материјали, поштенски материјали, е-маил податоци, почетни страници или слично, кои ќе бидат поврзани со *myWorld* или програмата *Cashback World*, да ги дистрибуира во хартиена или во електронска форма или да ги објави (на интернет страниците како на пр. YouTube или Facebook);

(c) спроведува јавни настани, како на пр. информативни настани, настани, работилници, семинари итн. со содржини на *myWorld*, односно содржини од програмата *Cashback World*; и

(d) нуди стоки и услуги за крајни потрошувачи на трговци на мало и големо и на останати трговци, како и на други компании, вклучително и бензински пумпи, франшизи и шопинг центри, да се рекламира како *Трговски Партнер* или *Член*, да врши преговори или разговори, или да се ангажира во секаков вид промотивни активности со цел да привлечат такви компании, особено не во или во близина на просториите на друштвото.

## 4. *Програма Cashback World*

**4.1** Со купувањето кај *Трговските Партнери*, *Членот* се здобива со *придобивки од купувањето* согласно овие Општи Услови и тоа со Cashback и со шопинг поени. *Придобивките од купувањето* како и предусловите се подетално објаснети во точка 6.

**4.2** За да може да им се дадат *придобивките од купувањето* на Членовите за нивните Купувања, *myWorld* склучува договори со *Трговските Партнери.* Актуелните *Трговски Партнери*, како и соодветните *придобивки од купувањето*, може да се пронајдат на www.cashbackworld.com.

**4.3** *Членот* ги има следните можности за регистрирање на своите Купувања:

**4.3.1** Cashback картичката е достапна како хартиена картичка, пластична картичка или како виртуелна картичка. Таа не претставува платежно средство, туку служи за регистрација на податоците од Купувањата.

**4.3.2** Кога *Членот* пазарува онлајн може да

(a) се најави на www.cashbackworld.com со своите податоци за најава и потоа да одбере онлајн продавница од посакуваниот *трговски партнер* или

(b) да ја повика онлајн продавницата преку друг онлајн канал кој е обезбеден од страна на *myWorld* за регистрирање на купувањето и директно да купува во онлајн продавницата на *Трговскиот Партнер.* Купувањата можат да се регистрираат само доколку системот користен од страна на *Членот* за време на процесот на купување дозволува колачиња и кога не се употребува Adblocker или Scriptblocker. Деталните правила поврзани со онлајн купувањето ќе ги најдете во точка 5

**4.4** Во случаите согласно точка 4.3.1 и 4.3.2, *Трговскиот Партнер* ги испраќа регистрираните податоци од купувањето односно пресметувањето до *myWorld* за процена на стекнатите *придобивки од купувањето*.

## 5. Онлајн купување

**5.1** *Членовите* треба да се информираат во врска со онлајн купувањето на www.cashbackworld.com во делот ЧПП.

**5.2** *Членовите* имаат право во рок од 14 дена да се повлечат од Договорот на далечина или од Договорот склучен надвор од овие простории без наведување на причини (правен рок за повлекување од договор на далечина).

**5.3** За добивањето на *придобивките од купувањето* од онлајн купувањето согласно точка 6.4 потребно е да истече рокот за повлекување и *Членот* да не се изјасни за повлекување.

**5.4** *Членот* има право на *придобивки од купувањето* од сите Купувања направени во онлајн продавниците на *Трговските Партнери*, кои се наведени за земјата на www.cashbackworld.com во која се наоѓа адресата на живеење или деловната адреса на *Членот* (според регистрацијата).

**5.5** *myWorld* нема влијание врз дизајнот на (линкуваните) онлајн продавници на *Трговските Партнери* и не е одговорен за истите. Доколку овие линкувани веб-страници содржат нелегални или неморални содржини, *myWorld* јасно ќе се дистанцира од истото.

## 6. *Придобивки од купувањето* од програмата *Cashback World*

**6.1** Купувањата направени од *Членот* кои се регистрирани во програмата *Cashback World*, му овозможуваат уживање на *придобивките од купувањето*. *Придобивките од купувањето* се базираат на условите договорени меѓу *myWorld* и соодветните *Трговски Партнери* и поради тоа варираат во зависност од *Трговскиот Партнер*, секторот

и државата. *Придобивките од купување* се состојат од добивање на *Cashback* (точка 6.1.1) и за купувањето кај некои *Трговски Партнери* дополнително се добиваат и шопинг поени (точка 6.1.2).

**6.1.1** *Cashback*: За Купувања кои се регистрирани во програмата *Cashback World*, *Членот* ќе добие до 5% *Cashback*, пришто во посебни случаи ќе биде доделен повисок процент. Стапката на процент за Cashback што се применува за соодветниот *Трговски Партнер* е прикажана на www.cashbackworld.com. Cashback плаќањата ќе се извршат согласно точките 6.4 до 6.6.

**6.1.2** *Шопинг поени:* За Купувања кои се регистрирани во програмата *Cashback World* и направени кај *трговски партнери* за кои се доделуваат *шопинг поени*, *Членот* ќе добие *шопинг поени*. Шопинг поените можат да се искористат од *Членот* за да добие попуст при Купувања на специјални акции направени на www.cashbackworld.com. Деталните информации се опишани во точка 7.

**6.2** *myWorld* го задржува правото во рамки на специјалните понуди да отстапи од принципите договорени овде. *myWorld* има намера да им понуди на *Членовите* голем избор на можности на купување кај *Трговските Партнери*, и на тој начин да договори значајни попусти кај *Трговските Партнери,* со цел да им овозможи на *Членовите* значителни предности. Доколку со *Трговскиот Партнер* се договорени различни услови во поглед на специјални понуди (на пр. случај на невообичаени Купувања како договори за користење на мобилен телефон со ограничен рок или во случај на патување), *myWorld* ќе го наведе тоа на деталната страница на *Трговскиот Партнер* www.cashbackworld.com (погледнете ја следната точка 6.3).

**6.3** Секоја одобрена предност може да се најде на деталната страница за детали за *Трговскиот Партнер* на www.cashbackworld.com. Се препорачува *Членот* редовно да се информира на Cashback World веб-страницата за верзијата на соодветните услови понудени од *Трговските Партнери*. *myWorld* е овластен, со период на претходно известување од 4 недели, да ги промени *придобивките од купувањето* одобрени за секој поединечен *Трговски Партнер,* доколку се променат условите договорени со *Трговскиот Партнер*. Назначените *придобивки од купувањето* на *Членот* ќе бидат пресметани врз основа на условите кои биле договорени во моментот кога купувањето било целосно платено.

**6.4** Поседувањето *придобивки од купувањето* подразбира, меѓу другото, дека купувањето направено од *Членот* е целосно платено и дека не постојат дополнителни законски права за поништување на купувањето т.е. особено дека рокот на поништување е истечен. Доколку овие услови се исполнети, *Трговските Партнери* ќе го потврдат купувањето и ќе извршат плаќање кон *myWorld*. *Придобивките од купувањето* од направените Купувања кои се наплатени од страна на *myWorld* од *Трговските Партнери*, до недела 23:00 часот, ќе бидат одобрени на *Членот* (*придобивки од купување*). *myWorld* ги обврзува *Трговските Партнери* да му плаќаат во рок од три месеци од моментот на исполнување на условите согласно првата реченица на оваа точка 6.4. Можно е исплаќање на *придобивките од купувањето* на Членот, откако *Трговскиот Партнер* ќе ги исплати истите на *myWorld*.

**6.5** *myWorld* ќе ги префрла средствата по основ на Cashback на неделно ниво на трансакциската сметка наведена од *Членот* кога овој износ ќе изнесува најмалку 200 МКД. Правото за исплаќање на *Cashback* застарува, доколку во рок од три години по настанувањето на *Cashback* не се достигне износот од 200 МКД. Од настанувањето на износот во висина од 200 МКД износот истекува за плаќање по 6 месеци, доколку *Членот* не остави банкарски податоци за исплаќање кај *myWorld.* Во моментот на настанување на барањето за исплаќање, Членот уште еднаш експлицитно се информира по е-маил или по пошта за потребата од давање на банкарските податоци, како и за последиците од откажувањето.

**6.6** Доколку *Членот* купува кај *Трговски Партнери* во странство (на самото место или онлајн), може да се случи Cashback да се покаже на сметката за исплаќање во соодветната странска валута. Кога купувањето е потврдено од страна на *Трговскиот Партнер*, износот автоматски ќе се конвертира и ќе биде прикажан во *најавениот профил на Членот* во соодветниот курс на Европска Централна Банка или друга надлежна банка или финансиска институција, на денот кога *Трговскиот Партнер* го примил плаќањето од *Членот* во домашната валута. Точка 5.4 останува непроменета, т.е. одобрување на *придобивки од купувањето* ќе постои само во однос на меѓународните Купувања преку каналите (како на пр. преку онлајн продавници), кои се наведени на интернет страницата на Cashback World за соодветниот *Член.*

## 7. *Шопинг поени*

**7.1** *Членовите* за нивните Купувања во програмата *Cashback World* кај *Трговските Партнери* (доколку е понудено од нив) добиваат одреден број на *шопинг поени.*

**7.2** Колку *шопинг поени* ќе бидат префрлени, зависи од *износот на купувањето*, како и од условите договорени со соодветниот *Трговски Партнер*. *myWorld* упатува на страницата со детали на трговецот www.cashbackworld.com како основа за пресметување на бројот на шопинг поени, која за соодветниот *Трговски Партнер* како почетен износ за купување одредува висина од 6,500 МКД.

**7.3** *Шопинг поените* немаат фиксна номинална вредност. Нивната вредност се одредува согласно износот на добивката одобрена со отплатата на *шопинг поените* од соодветниот Трговски Партнер. *Шопинг поените* не можат да се исплатат во готово или да се префрлат на други лица. Сепак, дозволено е да се дадат на други *Членови* како подарок.

**7.4** Собраните *шопинг поени* ќе бидат припишани на *Членот* и може да се следат од *најавениот профил на Членот*. Членот може да ги искористи за да добие попуст при купувањето во рамки на посебните акции прикажани на www.cashbackworld.com. *Шопинг поените* можат да се искористат само во износот кој е претходно одреден за соодветното купување.

**7.5** Исто така кај Купувања, кај кои *Членот* користи *шопинг поени*, од *myWorld* се одобруваат *придобивки од купувањето*. Износот на *придобивките од купувањето,* во овој случај, ќе бидат одредени само според износот на купувањето, што останува по одбивањето на одобреното намалување за искористувањето на *шопинг поените*.

**7.6** Валидноста на *шопинг поените* истекува по три години. Периодот од три години започнува на крајот од годината во која што е направено купувањето со кое се добиени *шопинг поените*.

**8.** ***Личен профил на Член***

**8.1** *myWorld* на секој *Член* му дава на располагање бесплатен *личен профил* на www.cashbackworld.com (област за најава), каде што по внесувањето на корисничкото име и лозинката, може во секое време да има увид во направените зделки, како и да дознае информации за *придобивките од купувањето* од програмата *Cashback World*. За било каква недостапност на веб-страниците на Cashback World и областа за најава на www.cashbackworld.com, myWorld прифаќа одговорност само во согласност со точката 12.

**8.2** Податоците за пристап за користење на *личниот профил на Член* (корисничко име, лозинка и ПИН) безбедно се чуваат само од *Членот* и се третираат мошне доверливо. Корисничкото име и лозинката во никој случај не смеат да бидат достапни на трети лица. Личните поставки можат да се променат во секое време од *Членот* на www.cashbackworld.com (област за најава).

**8.3** *Членот* се обврзува веднаш да го извести myWorld за секоја злоупотреба на неговиот онлајн пристап. По итно блокирање на неговиот пристап, на *Членот* ќе му бидат испратени променети податоци за пристап преку СМС, е-маил или пошта. За каква било штета настаната поради неправилната употреба, *myWorld* ќе биде одговорен само според точка 12.

**9.** **Промена односно Доделување на Препорачател**

*Членовите* кои не направиле никакви Купувања кај *Трговските Партнери* во временски период од 6 месеци, можат да го променат својот *Препорачател* односно да им се додели друг со тоа што ќе назначат друг Член како нивни *Препорачател* за *myWorld* доколку тој е согласен за истото.

**10.** **Заштита на податоци**

**10.1** **Доколку е потребно за спроведување на програмата *Cashback World*, односно за пресметка на придобивките од купувањето, *myWorld,* како одговорен за заштита на податоците, *ќе* ги собира, чува и обработува личните податоци, како и податоците за однесувањето и Купувањата на *Членовите.* Доколку Членот ја даде согласноста за ова, *myWorld* исто така ги користи податоците на *Членовите* и за да им испраќа персонализирани информации преку понуди и производи од *myWorld* и *Трговските Партнери.***

**10.2** **Сите барања за информирање на *Членот*, промена како и бришење на личните податоци можат директно да се испратат на *myWorld* (МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бул. 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Македонија).**

**10.3** **Дополнителни релевантни правни одредби за заштита на податоците во однос на користењето на интернет страницата на Cashback World можат да се најдат во Правилата за заштита на личните податоци и Политиката за приватност на интернет страницата на www.cashbackworld.com.**

**10.4** ***myWorld* користи меѓународно призната технологија за безбедност на податоците на *Членовите* за заштита од неовластен пристап кон истите. *myWorld* презема одговорност за безбедноста на податоците на *Членовите* кои се пренесуваат преку интернет само согласно точката 12.**

**11.** **Прекин на услугата**

**11.1** Обемот на услуги понудени од страна на *myWorld* се ограничува на спроведувањето на програмата *Cashback World* како што е опишано во овие Општи Услови.

**11.2** Правата и обврските во однос на Купувањата направени од *Членот* кај *Трговските Партнери* ќе се применуваат и ќе важат единствено кај Трговските Партнери. Со тоа, по склучувањето на договорот со *Трговскиот Партнер*, *myWorld* не презема никаква гаранција или, пак, одговорност за обврските на *Трговскиот Партнер*, особено за можно неисполнување или неточно исполнување на обврските од страна на истиот.

**12.** **Одговорност**

**12.1** *myWorld* е целосно одговорен за штети што произлегуваат од животни, телесни или здравствени повреди, што се резултат на намерно или несовесно прекршување на должноста од myWorld. Исто така, *myWorld* е неограничено одговорен и за други штети, кои се предизвикани поради повреда на обврските од страна на *myWorld* со намера или со крајно невнимание.

**12.2** myWorld е само делумно одговорна за типични и предвидливи штети, за штети кои резултираат од прекршувања на таквите обврски од невнимание, кои се од фундаментално значење за соодветно и непречено извршување на договорот и за чие почитување *Членот* има доверба и право да го очекува (суштински обврски).

**12.3** Сите дополнителни побарувања за штета, со исклучок на точка 12.5, се исключени. Ова особено важи доколку *myWorld* не е виновен, на пр., за

(a) прекини во достапноста на пристапот до интернет на *Членовите*,

(b) други технички и електронски грешки (i) при пренос на податоци преку интернет, како и (ii) во тек на користењето на *myWorld* интернет порталот, на *myWorld* СМС сервисот и на *myWorld* апликациите за мобилни уреди, доколку овие грешки не спаѓаат во одговорноста на *myWorld*,

(c) технички и електронски грешки за кои *myWorld* не е одговорен, кои спречуваат регистрирања на Купувањата во рамките на програмата *Cashback World* (особено дефекти при следење и губење на податоци кои резултираат од тоа),

(d) недостапност на мобилните мрежи или терминали и

(e) нефункционалноста на мобилните уреди на *Членот*.

Купопродажниот договор за стоки и договорот за услуги ќе биде склучен исклучиво помеѓу *Членот* и соодветниот *Трговски Партнер*.

**12.4** Доколку одговорноста на *myWorld* е ограничена или исклучена, ќе важат ограничувањата или исклучувањата и за личните одговорности на вработените, законските застапници и подизведувачите на *myWorld*.

**12.5** Ограничувањата и исклучувањата на одговорноста согласно точка 12, не влијаат на одговорноста на *myWorld* согласно задолжителните законски одредби од Законот за заштита на потрошувачите, поради лажно прикривање на недостатоци, како и преземање на гаранција.

**13. Трошоци**

**13.1** Регистрирањето и учеството во програмата *Cashback World* е бесплатно за *Членовите*.

**13.2** *Cashback картичката* е бесплатна за *Членот* како дел од самата регистрација.

**14. Раскинување на договорот од страна на Членот**

**14.1** *Членот* има право во секое време со писмена изјава да го раскине договорниот однос со *myWorld*. *Членот* во рамките на временски договорениот однос не е обврзан да купува или да извршува други активности.

**14.2** Со раскинувањето на договорниот однос, *Членот* има само право да ги бара *придобивките од купувањето* од *програмата Cashback World* за кои е утврдена причина до моментот на раскинувањето на договорот, односно од *Cashback* Купувања кои веќе се направени до моментот на раскинување на договорот. *Шопинг поените* добиени до овој период ќе бидат загубени по раскинување на договорниот однос. Доколку *Членот* го раскине договорот поради важна причина, тој ќе може да ги искористи собраните *шопинг поени* во временски период од осум недели по раскинувањето на договорот како што е опишано во точка 7.

**15. Раскинување на договорот од страна на *myWorld***

**15.1** Договорниот однос може да биде прекинат од *myWorld* на стандарден начин, т.е без причина, со период на известување од 30 дена или од важна причина со непосреден ефект. Како важни причини, освен значително нарушување на економските интереси и репутација на *myWorld* или на соодветниот *Трговски Партнер*, ќе се смета прекршувањето на основните договорни обврски. Основни договорни обврски ги вклучуваат обврските на *Членот* согласно точките 2.3, 2.4, 3.3 и 3.4.

**15.2** *Членот* ќе го обесштети и ќе го заштити *myWorld* во случај на намерно вршење на прекршувањата. Ова исто така важи и за право на обесштетување во случај на побарување од која било трета страна. *myWorld* исто така ќе има право да побарува трошоци за наведената штета од страна на *Членот*, кои ќе настанат поради прекршување на обврските од страна на *Членот*, вклучувајќи и судски трошоци.

**15.3** По прекинувањето на договорниот однос, *Членот* има право само на оние *придобивки од купувањето* од програмата *Cashback World,* за кои во моментот на раскинувањето на договорот имало основа за земање на истите, односно Купувањата за кои следува Cashback биле веќе направени во време на раскинување на договорот.

**15.4** Доколку *myWorld* го прекине договорниот однос без претходна најава за важна причина, ако тоа не е намерно предизвикано од *Членот*, тој има право да ги искористи своите *шопинг поени* добиени до тогаш во период од 8 недели по раскинување на договорот согласно точка 7. Во други околности, добиените *шопинг поени* ќе бидат загубени по раскинувањето на договорот.

**16. Општи одредби**

**16.1** Членот ќе биде овластен само со претходна писмена согласност, да ги пренесе побарувањата кои му се доделени од страна на *myWorld* (или сите права кои произлегуваат од учество во програмата *Cashback World*) или да ги искористи како залог.

**16.2** Учеството во програмата *Cashback World* претставува однос на размена и нема да претставува воспоставување на правен однос помеѓу *Членот* и *myWorld*, а особено нема да претставува Членство на здружение.

**16.3** Поединечните договори независно склучени, во кој било случај, имаат предност пред овие Општи Услови. Писмениот договор и/или писмената потврда од *myWorld* ќе биде клучен за содржината на договорите од овој вид. Ќе се претпостави дека страните не склучиле никакви усни договори. Освен тоа, *myWorld* е овластен на *Членот* да му ги испрати по пат на СМС или e-mail изјавите и потребните информации за спроведување на договорот, доколку *Членот* ги наведе соодветните информации за контакт и не се противи на истото.

**16.4** Промените на овие Општи Услови пренесни до *Членот* во текстуална и/или електронска форма (физичка или електронска) или на друг договорен начин помеѓу *Членот* и *myWorld*, ќе биде сметан за прифатен од страна на *Членот* доколку *Членот* не поднесе приговор во следните 30 денови од приемот на промените. *myWorld* изречито ќе го информира *Членот* во нотификацијата за промените дека неговиот договор со известените промени на Општите Услови ќе се сметаат за пренесени доколку *Членот* не поднесе писмен приговор за валидноста во зададениот рок. Промените во Општите Услови се прифатени од *Членот* само доколку ова известување е всушност објавено.

**16.5** Доколку во овој договор се користат специфични термини за пол, тие се однесуваат за женски и машки лица, како и за правни лица.

**16.6** Доколку одредени одредби на договорот сосема или делумно се ништовни односно неприменливи, тие нема да влијаат на ефективноста на останатите одредби.

**16.7** Во договорниот однос ќе се применува македонското право. Исклучена е примената на Конвенцијата на ОН за договорите за меѓународна продажба на стоки.

**16.8** За да може да се регистрира и да учествува во програмата *Cashback World*, *Членот* треба да има 16 години. До навршување на полнолетност потребна е писмена согласност од законскиот претставник/застапник.

**16.9** *Членот* се обврзува правилно и навремено да ги плати сите трошоци, надоместоци, даноци итн. кои настануваат со добивањето на *придобивките од купувањето*.

**Прилог 1**
**Поимник**

***„Cashback“*** е предност при купување подетално опишана во точката 6.1.1.

***„Cashback картичка“*** е пластична, хартиена или виртуелна картичка (преку мобилната апликација) која служи за регистрирање на Купувањата на Членовите направени кај Трговските Партнери во програмата *Cashback World*. Според тоа, таа не претставува платежно средство.

***„Препорачател*“** е *Членот* (*Трговски партнер*, соработник, итн.) кој директно препорачува друг *Член* односно кој е наведен како *Препорачател* од односниот *Член* под еден од условите во точка 9.

***„Формулар за регистрирање“*** е документ, кој мора пополнет и потпишан да се проследи до *myWorld*, за да може *myWorld* да издаде обврзувачка понуда за склучување Членство.

***„ПрограмаCashback World“*** е куповно здружение развиено од *myWorld* во рамки на кое *Членовите* добиваат *придобивки од купувањето* на добра и услуги од *Трговските Партнери* во *програмата Cashback World*.

***„Членови “*** се сите лица кои склучиле договор за воспоставување на Членство во *myWorld* согласно овие Општи Услови, во времетраење на договорот, т.е се додека не биде прекинат од една од договорните страни.

***„ИБ на Член“*** е единствен број кој го доделува *myWorld* и кој служи за идентификување на *Членот*, како и за регистрирање на Купувањата направени кај *Трговските Партнери*.

***„Придобивки од купувањето“*** се сите предности кои ги добива *Членот* со Купувања направени кај *Трговските Партнери* во програмата *Cashback World*. Во оваа смисла, предностите се *Cashback*, како и *шопинг поени*.

***„Трговски Партнери “*** се компании кои се во договорен однос со *myWorld* и од кои *Членовите* можат да добиваат *придобивки* преку Купувања на добра и услуги во програмата *Cashback World*.

***„Најавен профил на Член“ е*** простор за најава на односниот Член на веб-страниците на Cashback World (www.cashbackworld.com), подетално опишан во точка 8.

***„Shopping Points“*** се придобивки од купувањето кои се детално опишани во точка 7.